Хотел

design.mk

16 мај, 2015

Рустичен хотелски рај во срцето на Тоскана

Спокојно сместен во срцето на бујното зелено пространство на селцето Кастилјончело дел Тринирио во Тоскана, неодоливиот хотел „Monteverdi“ е рај за умот и за сетилата. Престојот што го нуди „Monteverdi“, 10 хотелски соби во духот на т.н. „boutique rooms“, 4 луксузни хотелски соби и 6 хотелски апартмани, е уникатен и естетски маркантен. Собите се врвна симбиоза од античката италијанска убавина и космополитската софистицираност. За уредувањето на ентериерот на хотелот задолжена била Иларија Мијани, дизајнерката со огромна пасија кон локалното занаетчиство, реновирањето и апциклирањето. Нејзиниот пристап во дизајнирањето на „Monteverdi“ започнува со вдахнување нов живот на античкиот имот и продолжува со влевање софистицираност и врвен стил во ентериерите.

принтхаус

НАЈПОСЕТУВАНИ



НАСТАНИ

12 Мај

Јубилејна изложба за 25-те архитекти наградени со „Андреја Дамјанов“

Музеј на град Скопје

20:00

Погледни ги сите настани

ПРОЕКТИ

Весело забавиште во Сан Франциско


„Миксер“ – домот на креативната сила во Белград


Модерен дом во стара фабрика за тутун во Италија


Стара фабрика за текстил претворена во луксузен хотел во Полска


Модерен хотел во простор на стара фабрика во Финска

Погледни ги сите проекти

„Љубовен базар“ – креативно проткаена приказна сплетена во кафе-

Интервју

ТАГ

Ентериер Париз апартман архитектура декор детска соба дизајн дом дрво индустриски дизајн индустриски стил инсталација канцеларии кафуле комерцијален ентериер кујна куќа ламби лондон маса мебел моден дизајн направи сам обнова осветлување приватна куќа реновирање ресторан фасада

хотел

Она што го прави хотелот исклучителен уште при првиот поглед е неговата положба во средина на шумската ладовина на брдо каде што се добива чувство како да сте во допир со небесната шир. Просторот остава без зборови со тивката убавина на старата античка градба, која во себе ја крие модерната естетика на луксузниот и отмен ентериер на собите што се уредени со внимателно и прецизно одбрани материјали и специјално дизајниран мебел со врвен квалитет и комфор. Дизајнерката целосно се посветила на секој детаљ со цел да го достигне највисокиот степен на удобност во хотелските соби и оттука произлегува нивната опременост со рачноизработени елементи со извонредни доработки, како и употребата на органските производи на „La Saponaria“, компанија што специјализира во производството на производи за нега на кожа единствено од локални органски состојки.

Секоја од собите со кои располага хотелот „Monteverdi“ е различна, со свој посебен карактер и печат, како бакарна када од 18. век, исклучителна современа слика, приватна градина или непречна и неповторлива глетка кон руралните пејзажи и впечатливите знаменитости.